**20261783026**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/26), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

### РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ПО ПОТЕКЛО ОД ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА БРАЗИЛ

Член 1

Со ова решение заради заштита на јавното здравје се забранува увозот во Република Северна Македонија на следните пратки кои потекнуваат од Федеративна Република Бразил:

1) производи од животинско потекло за исхрана на луѓе кои се добиени од следните животни:

- говеда,
- коњи,
- живина,
- аквакултура,

2) мед и

3) животински црева.

Член 2

Со денот на отпочнување на примената на ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Федеративна Република Бразил („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/25 и 170/25).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 3 септември 2026 година.

Бр. 02 – 2768/1
9 август 2026 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.